Бр./Nr 12 - 1897/2

29 -12- 2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 57-мата седница одржано на 21.12.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1897/1 од 23.03.2019 година **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување.

Предметот со број од 12-1897/1 од 23.03.2019 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 23.03.2019, поднесена е пријава и оформен е предмет број 12-1897/1 од 23.03.2019 година.

Во пријавата, подносителот наведува дека како кандидат учествувала на јавен оглас од 2018 година објавен од ЈЗУ Општа болница ---------- за вработување на 27 извршители на неопределено време за повеќе работни места. Според наводите од пријавата, директорот на ЈЗУ Општа болница --------- извршил избор на кандидати кои имаат помал број на бодови од прворангираниот кандидат, а со цел да се наметнат како квалитетен избор на кандидати, иако од ранг листата на кандидати кои конкурирале на јавниот оглас за прием на медицински сестри јасно се наведени освоените бодови од тестовите од квалификациониот дел. Подносителот наведува дека образложенијата на директорот и државната комисија дека го користеле своето законско дискреционо право се паушални со цел да се оправда незаконскиот избор на кандидати, а при одлучувањето не се применети одредбите од Законот за здравствена заштита и Законот за вработените во јавниот сектор. Во прилог на пријавата се доставени: Одлука за избор на кандидати по јавен оглас за вработување, Решение на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен (со кое жалбата на пријавителот се одбива како неоснована од причина што првостепениот орган постапил во рамки на своите овластувања утврдени со закон) и Ранг листа на кандидати кои конкурирале на посочениот јавен оглас.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во постапката по посочениот јавен оглас било постапено согласно членот 160 и 161 од Законот за здравствена заштита, односно Комисијата за селекција на здравствени работници извршила селекција

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

на кандидатите врз основа на критериумите утврдени во Законот за здравствена заштита и предложила Ранг листа, додека Директорот ја донел Одлуката за избор на кандидатите. Во конкретниот случај Директорот го искористил даденото дискреционо право во членот 161 од Законот за здравствена заштита, да ги избере најдобрите кандидати од приложената Ранг листа по сопствен избор, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување.

Како и во други случаи, и во конкретниот случај ДКСК констатира дека членот 161 од Законот за здравствена заштита дава можност раководното лице на јавната установа да изврши избор на најдобрите кандидати од предложените кандидати од Ранг листата по свој избор, а не врз основа на бројот на вкупно освоените бодови во сите фази на постапката за селекција на кандидатите, што претставува сериозен ризик од можни злоупотреби на дискреционите овластувања во постапките за вработување на нови лица од страна на раководните лица на институциите, за што е известено и надлежното министерство. Воедно, ДКСК изврши антикорупциска проверка на одредбите од Законот за здравствена заштита со фокус на начинот и постапката за вработување на здравствени работници, односно здравствени соработници, по што констатираше постоење на недостатоци кои можат да продуцираат ризици од корупција по што заклучи дека е потребно преоценување на овие одредби од законот заради отстранување на ризиците, а целосниот извештај е достапен на веб страната на ДКСК.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**